# Нашиот праведен Зелен Договор за Европа

WRITTEN BY YOUNG PEOPLE ACROSS EUROPE




# Вовед

Овој Младински Предлог за европски Зелен Договор е резултат на здружени сили на повеќе организации и претставува наратив за иднината која ја сакаме и за интерсекционалната трансформација која акутно е потребна на нашето општество. Во Предлогот се претставени визиите на младите, особено оние кои доаѓаат од недоволно застапени заедници, за социјално праведна и еколошки здрава иднина. Предлогот е поддржан од разновидна група на коалиции, иницијативи, организации и заедници бидејќи многумина се загрижени за состојбата на сегашните неолиберални, колонијални, расистички и капиталистички сили во општеството. Моментално се наоѓаме на пресвртница каде ни се потребни смели барања и координирано колективно делување за да изградиме правична, одржлива и социјално праведна иднина во која сите сакаме да живееме. Моментот за смело колективно делување за подобар свет за сите е - СЕГА!

Ја поздравуваме потребата од взаемна поврзаност и соработка во, како и меѓу заедниците, генерациите, институциите, земјите и секторите. Нивото на интерсекторски предизвици со кои се соочуваме може да се постигне само со обемен, смел и заеднички план. Мали, изолирани и постепени промени нема да бидат доволни! Цврсто веруваме дека ни треба силен обединет фронт со радикална визија за иднината, вкоренет во солидарност, правда и грижа за нашите заедници и нашата околина. Решенијата треба да бидат формирани критички и фер кон сите - без говор на омраза, расизам, сексизам, ксенофобија, суровост и дискриминација на луѓето со посебни потреби. Токму затоа го создадовме овој Младински Предлог, што ги истакнува гласовите на луѓето, и гласовите на оние кои биле замолчени од сегашниот систем. Ние ја поставуваме основата за заедничките визии на младите луѓе низ целиот континент и ги презентираме водечките принципи и препораки, формирани од нашите лични искуства и од гласовите на заедниците со кои работиме и ги претставуваме.

Две години собиравме визии од лица од сите родови и сексуалности, вклучувајќи жени, мажи, трансродови лица, небинарни лица и оние кои немаат етикети, со различни потекла и попречености од цела Европа. Визиите за подобра иднина се претставени како принципи и препораки за политики, поделени според тематски области. Тие не се универзални, бидејќи секоја земја си има своја приказна, и треба да преземе различни чекори за да ја постигне саканата и потребната промена. Сепак, Младинскиот Предлог може да послужи како патоказ за овој процес на трансформација и како алтернатива за Зелениот Договор на Европската Унија. Сакаме праведен европски Зелен Договор, базиран на фер и радикална системска промена која ги зема предвид гласовите на сите луѓе, а не само на привилегираните.

# Принципи и вредности

Вредностите се основни верувања што ги водат и мотивираат нашите ставови и постапки и ни помагаат да утврдиме што е важно за нас. Тие ги опишуваат личните квалитети што избираме да ги отелотвориме, личноста што сакаме да бидеме, начинот на кој се однесуваме кон себеси и другите и нашата интеракција со светот околу нас - вредностите даваат општи насоки за однесување.

Општествата ставаат приоритет на одредени вредности и тие вредности влијаат врз целиот систем и одлуките кои се носат во него, од здравствена заштита и права на работниците до управување со ресурси. Овие одлуки имаат трајно влијание врз иднината. Пред да започнеме да ја замислуваме иднината што сакаме да ја видиме, важно е да ги идентификуваме вредностите што секој од нас ги поседува. Во прилог, вредностите на европската младина, идентификувани преку процесот на колективно визионирање:

Вредностите и принципите што најмногу се издвојуваат се **солидарноста, довербата, почитта, љубовта и еднаквоста.**

Солидарноста гарантира постоење на длабока и доследна посветеност кон долгорочни промени и подобрувања, насочени кон заедницата. Солидарноста може да се прикаже во различни форми, но без оглед на причината и околностите, нејзините основни принципи на поддршка, соработка и свест остануваат исти. Сите имаме различно потекло, различни искуства и различни погледи на светот, но тоа не значи дека некои од нас се помалку способни да придонесат од другите - сите ние имаме силни и слаби страни што можеме да ги искористиме справувајќи се со климатската криза преку еден колективен, интерсекционален пристап.

Еднаквоста претставува признавање дека сите човечки суштества се еднакво вредни, заслужуваат достоинство, еднакви права и еднаков пристап до ресурси, вклучувајќи знаење и финансии.

Придобивката од познавање на нашите заеднички вредности е двојна - прво, кога имаме јасни вредности, тие ни нудат цврста и водечка основа, на која можеме да се потпреме кога се соочуваме со заедничка борба и кога треба да се донесат важни одлуки. Второ, тие исто така можат да ни помогнат да живееме добро и автентично. Вредностите може да ни дадат храброст заедно да ги промениме околностите и да нè инспирира да останеме верни на она што сме или она што сакаме да бидеме. Потпирајќи се на комуникација, соработка, почит и признавање на нашите различни вредности, можеме да работиме заедно, солидарно, рамо до рамо, за да ја постигнеме позитивната промена што ја замислуваме за во иднина






# Визии

## 1. Декарбонизација: Климатска акција, чиста енергија и паметна мобилност

Потребни се радикални промени, особено во нашите енергетски и транспортни системи, за драстично да се намалат емисиите на $CO_2$ и да се декарбонизира општеството. Младите замислуваат општество засновано на антираст (degrowth), каде фосилните горива се забранети, одржливите начини на патување се достапни и безбедни за сите, а системите за обновлива енергија се норма. Основен чекор за да се обезбеди праведна и инклузивна декарбонизација на нашето општество е поддршката и заштитата на правата на домородните народи, и вклучувањето на нивните гласови во процесите за креирање политики.

### Што можат да направат локалните, националните и европските влади?

- Да стават крај на екстрактивниот и експлоататорски однос со природата и да не носат одлуки засновани на профит.
- Да вклучат различни луѓе и заедници, вклучувајќи и малцински групи, во планирањето и носењето одлуки.
- Да не дозволат големите корпорации да влијаат врз политиките кои се носат.
- Да престанат да ги експлоатираат земјите од Глобалниот Југ и да обезбедат „место на масата“ за сите засегнати.
- Да ги пренасочат инвестициите кон развој на етички и одржливи технологии во секторите на енергија, транспорт и домување.
- Да ја препознаат и вреднуваат улогата на домородните народи како заштитници на најважните екосистеми во светот и да ја применат нивната мудрост, знаење и учество при обновувањето на природата и животната средина.
- Да ги земат предвид емисиите и влијанијата од увезените производи.
- Да поттикнат одржливо користење на локалните ресурси.
- Да промовираат и поддржат зелени работни места.










### Климатска акција

- Да ги принудат загадувачите да платат за нивните штети врз климата и животната средина (на пр. со воведување даноци за активности кои се штетни за климата и животната средина, со ослободување од даноци за одржливи активности и производи).
- Да престанат да промовираат лажни „решенија“, на пр. геолошко складирање на јаглерод диоксид (CCS), како климатски решенија.
- Да ја вклучат социјалната правда како составен дел од сите климатски решенија.
- Да прогласат климатска вонредна состојба и да се обидат да добијат поддршка од јавноста за мерките поврзани со климата.
- Да поставаат специфични цели за прилагодување.



### Чиста енергија

- Да забранат фосилна, нуклеарна и енергија од водород.
- Да престанат да го субвенционираат производството на фосилни горива и да ги изоставаат фосилните горива од категориите зелена/чиста енергија.
- Да бараат одговорност од компаниите за фосилни горива за нивните постапки и последиците од тие постапки.
- Да соработуваат со други земји за истражување, развивање и финансирање системи за обновлива енергија, со цел обновливата енергија да биде лесно достапна за секој Европеец.
- Да стават крај на енергетскиот монопол и да го демократизираат и децентрализираат производството на енергија, за да може луѓето да знаат и да одлучат од каде доаѓа нивната енергија, и секогаш да имаат одржливи и етички извори на енергија од кои ќе може да бираат.
- Да ја препознаат и да се справат со енергетската сиромаштија. Да го олеснат процесот за приклучување кон енергетската мрежа и да не ја зголемуваат цената на електричната енергија.
- Да ги охрабрат заедниците да основаат енергетски задруги.
- Да поставаат амбициозни и конкретни цели за намалување на потрошувачката на енергија во зградите, транспортот и сл.







### Паметна мобилност

- Да развијат план за мобилност, вклучувајќи амбициозни цели и решенија пристапни за сите.
- Да ја финансираат декарбонаизацијата на транспортниот систем (на пр. транзиција кон електрични* автомобили и возови) и да го зголемат оданочувањето на јаглеродот.
- Да го направат летањето и возењето поскапо (на пр. со оданочување на авиокомпаниите и честите летачи). Даночните приходи потоа можат да се искористат за финансирање на одржлива инфраструктура за јавен превоз. Да инвестираат во инфраструктура за јавен превоз (велосипедски патеки, автобуси) која вклучува зелени површини (дрвја долж велосипедската патека), со цел да биде достапна, пристапна, ефикасна, чиста и безбедна за сите. Алтернативите за автомобили мора да бидат удобни, брзи и директни како автомобилите. Сето ова не смее да биде на сметка на понатамошна масовна експлоатација на природните ресурси и живеалишта.
- Просторот за автомобили да го пренаменат за јавен превоз, за возење велосипеди и за пешачење.
- Да го пренасочат сообраќајот надвор од градовите и центрите да бидат за возење велосипеди и пешачење.
- Образованието за одржлива мобилност да биде задолжително во училиштата.
- Да дадат придобивки на бизнисите кои ставаат приоритет на развојот на поефикасни возила.
- Да ги мотивираат луѓето да користат јавен превоз и да патуваат одржливо:
  1. Да обезбедат бесплатен или субвенциониран јавен превоз, барем за маргинализираните групи.
  2. Да обезбедат даночни олеснувања за велосипедистите.
  3. Да воведат стимулации за приватните електрични* возила со цел да се зголеми пристапноста.
  4. Да ја намалат стимулацијата за службени возила и да воведат сертификати за работодавачи кои поддржуваат велосипедизам.



*доколку електричната енергија што ја користат потекнува од обновливи извори на енергија

# Визии




### Што можат да направат бизнисите?

- Да ги ажурираат и подобрат внатрешните политики и инвестиции за да бидат компатибилни со климатските цели.
- Да дадат приоритет на заедниците и социјалата и климатската правда - не на профитот.
- Медиумските корпорации можат да го зголемат публицитетот на темата за декарбонизација.

### Климатска акција

- Да престанат со екоманипулација (greenwashing).
- Да се придружат во борбата против екстрактивниот однос на корпорациите и властите со природата.
- Да инвестираат во одржливи акциони планови за областите на кои влијаат.

### Паметна мобилност

- Да го декарбонизираат својот модел на транспорт. Да престанат со употреба на службени автомобили и да обезбедат електронски велосипеди и автобуси, програми за одење на работа со велосипед, возење во автомобил со повеќе патници (car-sharing и car-pooling), како и придонеси за вработените кои користат чист транспорт.
- Да обезбедат поддршка за вработените, за да може да работат од дома кога е можно. Да користат дигитални технологии (на пр. ZOOM) со цел да се намали непотребното патување.
- Да ги лоцираат нивните бизниси во близина на јавен превоз.
- Преку финансиски стимулации да ги охрабрат луѓето да користат јавен превоз (на пр. 10% попуст при резервација на хотел ако доаѓаат со јавен транспорт).
- Да обезбедат информации на своите клиенти за јавниот превоз, со цел да го направат попристапен.
- Каде што е можно, да користат железнички или поморски превоз на роба наместо камиони и воздушен превоз.

### Чиста енергија

- Да промовираат помала потрошувачка на енергија и да користат повеќе одржливи и локални извори на енергија (на пр. сонце и биогас).
- Да го донираат вишокот енергија на заедниците и областите кои страдаат од енергетска сиромаштија.
- Да изградат и инвестираат во енергетски ефикасни или автономни згради кои користат обновлива енергија.
- Да финансираат повеќе задруги во заедницата.
- Да инвестираат во етички и одржливи банки кои не ги поддржуваат компаниите за фосилни горива.
- Да обезбедат поголема разновидност на велосипеди во продавниците, особено е-велосипеди.
- Да усвојат иновативни бизнис модели за електрични возила (на пр. енергијата треба да доаѓа од обновливи извори на енергија за да биде одржлива).
- Да користат карго велосипеди со цел крајната дистрибуција да биде поефикасна и поодржлива.

### Што можат да направат заедниците?

- Да воспостават нова култура на мобилност со цел да се смени автомобилски-централизираниот пристап на мобилноста.



- Да помогнат да се обезбеди праведна транзиција кон поодржливо општество, во однос на користењето на ресурсите.
- Да помогнат во пренесување на пораките до локалните заедници и да обезбедат застапеност и решенија кои се разновидни и инклузивни.
- ритички да размислуваат и да бидат информирани за тековните политики и образование, со цел да носат информирани одлуки за климатска акција.
- Да ја подигнат свеста и да организираат предавања за обновливи извори на енергија и безбедни начини за користење јавен превоз и возење велосипед/одење (на пр. во училиштата или младинските движења, и за родителите и за младите).
- Да промовираат активна мобилност за физичко и ментално здравје, на пр. нудејќи бесплатни пешачки тури, организирајќи настани и групи каде што луѓето ќе можат заедно да возат велосипед или да пешачат, развивајќи иницијативи за позајмување велосипеди и мапирајќи безбедни патеки за деца, за пешачење и возење велосипед.
- Да обезбедат платформи каде луѓето ќе може да известуваат за проблемите со мобилноста и безбедноста и да предложуваат решенија.
- Да се мобилизираат со цел да се сопре енергетскиот монопол и да протестираат против изградба на електрани на фосилни горива во близина на нивните населби.
- Да воспостават населби без CO2: Да инвестираат во, и да основаат фер локални енергетски задруги за децентрализација и демократизација на енергетскиот систем.
- Да развијат иницијативи за споделување ресурси (на пр.велосипеди, материјали) и да воспостават станици за поправки во заедницата.
- Да ги пренаменат паркинзите во места за креативна експресија на заедниците (на пр. игралишта)
- Да создадат локални стимулации за одржливи бизниси.

### Што можат да направат луѓето?

- Да се едуцираат себе си и другите, и соодветно да го променат начинот на размислување и однесување.
- Да кажат „НЕ“ на пропагандата од корпорациите.
- Да користат одржливи начини на патување како пешачење, возење велосипед, јавен превоз и возење во автомобил со повеќе патници (car-sharing). Доколку навистина е потребен автомобил, тогаш да го купат најодржливиот и најефикасниот.
- Да избегнуваат летање кога не е нужно. Доколку е, тогаш да ја одберат „најзелената“ авиокомпанија.
- Да работат од дома доколку е можно, за да се избегне непотребната дневна миграција.
- Да пријавуваат проблеми поврзани со мобилноста, пристапноста и безбедноста на соодветни платформи.
- Да ја намалат потрошувачката на енергија и да инвестираат во енергетски проекти во заедницата.
- Да станат етички и свесни потрошувачи, кои придонесуваат за локалната економија.
- Да научат да користат алтернативни технологии кои не се потпираат на материјали од Глобалниот Југ.
- Да станат проактивни граѓани. Да бидат активни во политиката и во своите заедници и да бараат промена, користејќи го својот глас.



# Визии

## 2. Циркуларна економија: одржливо производство, потрошувачка и трговија

Оваа тема ги опфаќа визиите и препораките за локално, национално и европско ниво и дава приоритет на решенија базирани на реалните потреби на погодените заедници и решенија кои го подобруваат животот на луѓето, истовремено штитејќи го екосистемот и спречувајќи климатска катастрофа. Визиите опфатени во овој дел ќе му помогнат на колективното планирање кон прераспределба на финансиите и инвестициите на модели кои гарантираат праведен пристап до основните добра и услуги за сите.

### Што можат да направат локалните, националните и европските влади?




- Да престанат да ја третираат природата како ресурс за неограничена експлоатација и како депонија за отпад и да започнат да ги препознаваат и штитат екосистемските услуги.
- Да воведат економски систем ориентиран кон општото добро, среќата и благосостојбата (на пр. правична, помалку неолиберална распределба на приходите).
- Да обезбедат лесно достапни информации за тоа како нашите постапки влијаат врз светот и врз природата околу нас.
- Да воведат реални цени за производите, кои ќе вклучуваат и надоместок за штетите врз животната средина и климата, за да се промени однесувањето на Глобалниот Север, и Глобалниот Југ да може правилно да се компензира.
- Глобалниот Север да плаќа на фонд за обнова, управуван од независна комисија.
- Да се консултираат со домородните народи при склучување трговски договори со Европската Унија во врска со корпоративните активности на домородните земјишта. За време на овие преговори, домородното население треба да биде поддржано од експерти за да се спречи погрешно толкување и претставување и да се балансира динамиката на моќ.
- Да ги ограничат инвестициите поткрепени со (нео)колонијални акции и да ги усогласат трговските договори на Европската Унија со домородните вредности и потреби.
- Да стават крај на Договорот за енергетска повелба (ETC) и да не дозволат Спогодбите за Спорови меѓу Државите и Инвеститорите (ISDS) да бидат вклучени во трговските договори.
- Да спроведат регулативи за да го спречат преземањето на локалните пазари од страна на меѓународните корпорации.
- Да осигураат дека неодржливите практики не се извезуваат преку трговски интриги.
- Да го намалат ДДВ-то за локална храна и производи.
- Да ја регулираат употребата и екстракцијата на ограничени материјали.
- Да го применат принципот на „намалување-повторна употреба-рециклирање“ при транзицијата во циркуларна економија. Дополнително, да го минимизираат отпадот и да престанат да го извезуваат во земјите на Глобалниот Југ.
- Да забранат употреба на пластични кеси и други пластични производи за еднократна употреба.
- Да се развијат соодветни инфраструктури за отпад, вклучувајќи оптимален број на контејнери во зависност од видот и количината на отпад што се создава во одредена област.
- Да креираат дигитални платформи и апликации за полесно поврзување меѓу граѓаните и собирачите и преработувачите на отпад.
- Да престанат да финансираат инсинератори.
- Да ја ограничат достапноста на псевдо-одржливи избори.






### Што можат да направат бизнисите?

- Да престанат да ја третираат природата како ресурс за неограничена експлоатација и како депонија за отпад и да започнат да ги препознаваат и штитат екосистемските услуги.
- Да се залагаат за општество и економија заснована на антираст (degrowth), среќа и благосостојба на животната средина.
- Да практикуваат производство засновано на потреби, а не прекумерно производство.
- Да преминат кон циркуларна економија, но истовремено да размислат како тоа може да влијае на различни земји.
- Целата услужна индустрија треба да обезбеди вегански/вегетаријански алтернативи. Да обезбедат лесно достапни и транспарентни информации за одржливоста на целиот синџир на снабдување, конечниот производ и процесот на рециклирање на компанијата (на пр. со декларација за јаглероден отпечаток на секој производ).
- Да произведуваат производи со висок квалитет и издржливост, наместо намерно да планираат и произведуваат производи со краток век на траење.
- Да престанат со „брза мода“ и да користат/промовираат субвенционирање на одржлив текстил како коноп и лен.
- Да помогнат со промовирање на уметноста и занаетчиството како алатки за поправка на предмети.
- Да купуваат свежи, локално произведени производи за помалку пакување и транспорт.
- Да го ориентираат производството кон „upcycling“ и нула/низок јаглероден отпечаток.
- Да го минимизираат отпадот и користењето ресурси.
- Да преземат одговорност за рециклирање на своите производи.
- Да придонесат кон производството на биогас со нивниот органски отпад.
- Да придонесат кон спроведување на солидарна економија.
- Да престанат да извезуваат отпад во земјите на Глобалниот Југ.

### Што можат да направат заедниците?

- Да консумираат помалку, да го минимизираат отпадот и да се стремат кон „нула отпад“ менталитет во заедницата. Дополнително, да промовираат култура која наместо „брза мода“, промовира размена, поправка и рециклирање на производите.
- Да овозможат „sharing economy“ во заедницата.
- Да поддржат земјоделци кои практикуваат природни/пермакултурни практики.
- Да готват дома и да избегнуваат процесирана храна што е можно повеќе.
- Да ги поддржат и да се солидаризираат со домородните народи и другите малцинства за време на преговорите за трговски договори со Европската Унија.
- Да поддржат локално и одржливо производство.
- Да креираат дигитални платформи и апликации за полесно поврзување меѓу граѓаните и собирачите и преработувачите на отпад.
- Да го поддржат екотуризмот како посебна гранка на рурален туризам.
- Да ја зајакнат врската помеѓу синдикализмот, заштитата на животната средина и социјалната солидарна економија.
- Да се стремат кон подобар квалитет на живот за сите преку претприемништво и соработка.

### Што можат да направат луѓето?

- Да консумираат помалку, да го минимизираат отпадот и да помогнат со воведување „нула отпад“ менталитет во општеството. Да промовираат култура која наместо купување нови, практикува поправка на производите.
- Да поддржат земјоделци кои практикуваат природни/ пермакултурни практики.
- Да купуваат свежи, локално произведени производи за помалку пакување и транспорт.
- Да ги охрабрат другите луѓе да поддржуваат компании кои се грижат за животната средина.
- Да купуваат посвесно и да одбираат производи без палмино масло, бидејќи индустријата за палмино масло е одговорна за огромни количини на исечени шуми.
- Да бидат повнимателни потрошувачи.

# Визии

## 3. Прочистување на воздухот, водите и почвата

Поздрава животна средина и одржлива иднина може да се постигнат само доколку ефективно се реши загадувањето на воздухот, водата и почвата. Ние сме дел од незаменлив екосистем кој е драстично оштетен од страна на човекот. Загадување на воздухот, водата и почвата не влијае само на здравјето и егзистенцијата на луѓето, туку и на рамнотежата во природата и екологијата. Од витално значење е да се препознае дека воздухот, водата и почвата се поврзани и нераздвоени. Тие мора да се одржуваат здрави и чисти, бидејќи загадувањето на едно од нив, значи загадување и на останатите.

Бараме санација на животната средина преку отстранување на загадувачите од воздухот, водата и почвата, воведување легислативи и политики што ќе ја заштитат и обноват здравата природа и општество што ќе ги препознае, вреднува и поддржува првобитните чувари на природата (на пр. домородните народи). За да може да се врати чистотата и квалитетот на воздухот, водата и почвата, потребно е колективно делување на сите општествени нивоа, вклучувајќи ги владите, бизнисите и луѓето.

### Што можат да направат владите?

- Да го прогласат екоцидот за кривично дело, за кое ќе одговараат и бизнисите и државните органи.
- Да спроведат закони кои ги признаваат екосистемите и природните заедници како правоносечки ентитети.
- Да придонесат кон промена на наративот од антропоцентризам во екоцентризам.
- Да работат со други влади и меѓувладини организации за подобрување на веќе постоечките интернационални договори, како Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на морето, со цел решавање на загадувањето и вклучување клаузули за обнова на животната средина.
- Да дадат приоритет на благосостојбата на природата и животната средина кога станува збора за какви било инвестиции, развој и проекти.
- Да имаат ретроспективен модел за климатска правда преку кој загадувачите и компаниите ќе бидат принудени да платат за климатските и еколошките штети кои ги предизвикуваат.
- Преку забрана за рекламирање на загадувачки производи и услуги и воведување даноци за бизнис модели кои штетат на природата и климата.
- Да овозможат обуки и субвенции за земјоделците кои не користат хемикалии (вклучително и пестициди, фунгициди и хербициди), бидејќи тие не само што го оштетуваат водниот живот и почвата, туку го отежнуваат и го прават поскап третманот на отпадните води. Дополнително, да го зголемат бројот на инспектори и регулатори за да осигураат дека и бизнисите и заедниците ги почитуваат прописите за воздухот и управување со отпадот.
- Да забранат производството и употребата на микропластика и да се воведат акциони планови за деконтаминација.
- Да усвојат „контра урбанизација" како политика која ќе го намали загадувањето предизвикано од луѓето во урбаните средини, а исто така ќе им овозможи на луѓето поблизок пристап до самоодржлив живот и до природата.
- Да поддржат одгледување на поликултури и да ги проучуваат древните навики и знаења, со цел идентификација на одржливи методи за подобрување на квалитетот на воздухот, плодноста на земјата и благосостојбата на луѓето.

#### Воздух

- Да воспостават станици за мониторинг на квалитетот на воздухот низ целата земја и да обезбедат лесен пристап за граѓаните до информации за квалитетот на воздухот.
- Да забранат употреба на дизел горива и субвенционирање на транзицијата кон автомобили што користат метан или електрична енергија добиена преку обновливи извори на енергија.
- Да инвестираат во јавен транспорт кој ќе работи на обновлива енергија и ќе има минимален јаглероден отпечаток преку користење на рециклирани материјали и/или надградба на веќе постоечките возила за да станат јаглерод-неутрални.
- Преку справување со загадувањето во вселената, предизвикано од стари сателити, ракетни делови и вселенски станици, кое создава „пластични острови" во меѓународните води.

#### Вода

- Да воспостават строга контрола и заштита на реките и езерата, и строга контрола на градежните и туристичките активности кои се одвиваат во близина на езерата.
- Да ги направат сите реки и езера безбедни за пливање преку инсталирање на пречистителни станици на приливот на канализацијата во реките и да воведат строги прописи за земјоделство и аквакултура.
- Да забранат употреба на извори на вода за производство на флаширана вода.
- Да ги земат предвид влијанијата врз животната средина и социо-културните влијанија пред да започнат со изградба на хидроцентрали.
- Да ги заштитат океаните и морињата со воведување построги регулативи за бродови, со кои ќе се забрани употреба на токсични бои и лакови за бродови и фрлање мрежи за риба и друг отпад во домашни и меѓународни води. Дополнително, покрај зголемување на општествената и еколошката одговорност на компаниите за собирање и третман на нивниот отпад, државите треба да инвестираат и да развијат технологии за чистење на океаните.

#### Почва

- Да ги затворат депониите и да создадат општество со „нула отпад", со подобрени методи за собирање, третман и отстранување на отпадот.
- Да воведат субвенции за органски производители.
- Преку забрана за производство и трговија на пластични кеси и други видови пластични производи за еднократна употреба.

### Што можат да направат бизнисите?

- Да ги пренасочат инвестициите во зелени инвестиции, кои промовираат еколошки деловни практики и зачувување на природните ресурси (на пр. производство и откривање алтернативни обновливи извори на енергија, имплементација на проекти за чист воздух и вода, одржливо и регенеративно земјоделство).
- Да спроведат практики во интерес на животната средина (на пр. инсталирање висококвалитетни филтри на фабричките оџаци, поставување изолација, користење обновлива енергија и изградба на покриви со соларни панели и градини).
- Да прекинат со производство и продажба на возила што загадуваат.
- Да престанат со риболовни техники кои штетат на животната средина и со фрлање мрежи и друг отпад во водите.
- Да престанат да произведуваат и одгледуваат генетски модифицирани (ГМ) риби и животни. Бегството на одгледуваните ГМ риби претставува голема опасност за автохтоните и дивите риби поради нивната изменета генетска структура и болести и паразити предизвикани од таквото одгледување.
- Да осигураат дека влијанието и обновувањето на климата и животната средина се дел од нивната програма за општествена одговорност. Компаниите мора да придонесат за климатската правда со плаќање за штетите кои ги предизвикале (и сè уште ги предизвикуваат) на домородните народи и нивните земјишта.

# Визии

**Што можат да направат заедниците?**

- Да воспостават проекти за животна средина со вклучување на професионалци и млади луѓе, за намалување на загадувањето (на пр. создавање комунални градини, развој на нови технологии во индустријата, земјоделството, итн.).
- Да формираат локални и регионални грасрутс групи кои ќе ги истражат изворите на загадувањето и да развијат акциски планови за одржување на чиста и здрава животна средина.
- Да ги охрабрат локалните и регионалните власти да садат овошни и јаткасти дрвја на јавни површини (училишни дворови, градинки, дворови на министерства, општини, обработливо земјиште во државна сопственост) за да се подобри квалитетот на воздухот, почвата и водата, како и благосостојбата на животните и луѓето. Собраните производи и приходите генерирани од нивната продажба, потоа може да се користат за поддршка на социјално ранливите групи и финансирање локални проекти за справување со загадувањето.

**Што можат да направат луѓето?**

- Да поддржат локални органски производители и еколошки-свесни даватели на услуги.
- Да се информираат за човековите права и регулативите за заштита на животната средина, за да може да бараат одговорност од страна на бизнисите и државните органи.
- Да научат за правата на природата и различните екосистемски услуги.
- Да станат покровители на природата и да придонесат кон општествените и културните промени.



# Визии




## 4. Одржливи системи за култивација и дистрибуција на храна и рурални области

Сегашниот систем на неправедно индустриско земјоделство, аквакултура и фабричко сточарство го уништуваат јавното здравје, безбедноста на работниците, локалните економии, расната правда, благосостојбата на животните, стабилните климатски услови, биодиверзитетот и отпорноста и издржливоста на екосистемите од кои зависиме. Сепак, до ден денес, одржливите алтернативи добиваат многу малку финансиска и политичка поддршка.

Потребна ни е масивна експанзија на разновидни, органски и еколошки регенеративни земјоделски системи, базирани на практики кои го отстрануваат јаглеродот од атмосферата и произведуваат хранливи производи, користејќи помалку енергија и вода. Ваквите системи создаваат поголема отпорност кон климатските промени и се поздрави за луѓето и планетата. Исто така, мора да ги насочиме ресурсите кон создавање фер, локални и регионални системи за храна кои обезбедуваат добри работни места и здрава храна за сите. Оваа промена е нужна и остварлива!

Нема да можеме да ја избегнеме климатската криза доколку не поддржиме брза транзиција од масивно производство на храна со интензивна употреба на хемикалии, кон разновидни, органски и еколошки регенеративни системи за храна. Со цел да ги постигнеме нашите климатски цели, ние исто така мора драстично да ја намалиме потрошувачката на производи од животинско потекло и да го намалиме отпадот од храна.
Овие активности ќе ги намалат емисиите на стакленички гасови, ќе помогнат во зачувување на водата, почвата и биодиверзитетот, и ќе ги направат земјоделските површини поотпорни на поплави, суши и други климатски појави. Преку процесот на колективно визионирање, европска младина ги искажа следните визии за одржливи системи за храна:

### Што можат да направат локалните, националните и европските влади?

- Финансиска поддршка за млади земјоделци и задруги кои се занимаваат со органско производство во мал размер.
- Да ги зголемат иницијативите за органско земјоделство и да го намалат бројот на индустриски одгледувани животни.
- Да поттикнат компостирање кај компаниите и луѓето
- Забрана на синтетички и други штетни пестициди, како хербициди и фунгициди.
- Да имплементираат инфраструктура за управување со отпадот од храна, промени во прописите за безбедност на храна со цел да може да се донира повеќе храна (на пр.преку измена на дозволените рокови за користење) и поддршка на компаниите и луѓето да започнат со компостирање.
- Да воспостават законодавна рамка за заштита на правата на селаните (Декларација на ОН за правата на селаните и другите луѓе кои работат во рурални области - UNDROP).
- Зголемен број на паркови и јавни градини и обезбедување пристап до градина за сите луѓе кои живеат во градовите, за да имаат можност растат храна и да се поврзат со процесот на растење храна.
- Да обезбедат фер и урамнотежена застапеност на малите земјоделци и големите агробизниси при лобирањето.
- Стабилизирање на цената на земјоделските култури на европскиот пазар и гаранција дека земјоделците ќе можат да ги продадат своите производи.
- Развој на сертификати за етички произведена храна, со цел истата да биде препознатлива на пазарот.
- Ограничена продажба на сезонско странско овошје.
- Да обезбедат непристрасно и независно образование за храна и одржливо земјоделство за сите преку онлајн и офлајн материјали и медиуми.
- Садење шуми и отворање паркови достапни за сите, наместо нови трговски центри.
- Организирање едукативни работилници, од страна на локалните власти, за земјоделците со цел да се зголеми квалитетот на земјоделското и аквакултурното производство, но и на храната што на крајот ја јадеме.
- Ревидирање и ажурирање на наставните програми за идните генерации на фармери, рибари, градинари и експерти за хортикултура и арборикултура, со цел истите да бидат одговорни и свесни за биодиверзитетот и климатските кризи.




### Што можат да направат бизнисите?

- Да поддржат одржливо земјоделство.
- Да ги избираат снабдувачите на храна повнимателно. Да вклучат повеќе органски, локални и свежи производи и помалку производи од животинско потекло, во нивните синџири за снабдување и менија. Да донираат сè што би било залудно фрлено.
- Балансирани или помали порции во ресторантите, за помалку отпад и залудно фрлена храна.
- Агро-бизнисите мора да се повлечат од лобирање/политика.
- Соработка со земјоделци (на пр. исхрана на добиток со остатоци од храна).
- Промоција на „грда храна“ (деформирани зеленчуци и надворешно оштетени овошја).
- Инвестиции за зголемување на плодноста на почвата и ефикасно рециклирање на хранливи материи.
- Директно снабдување на заедниците со потребните производи од страна на земјоделците.
- Што можат да направат заедниците?
- Да формираат заеднички фарми/градини.
- Поддршка за млади, локални земјоделци.
- Да обезбедат земјиште каде што луѓето ќе можат сами да одгледуваат храна.
- Да се вклучат во алтернативно и одржливо производство на храна, на пр. земјоделство поддржано од заедницата (CSA) и задруги за храна.
- Да помогнат за поврзување на урбаните и руралните средини.
- Да учат од локалните и домородните луѓе за веќе постоечките практики и системи за храна.
- Да покажат солидарност кон маргинализираните групи и да обезбедат пристап до храна за целата заедница.
- Да ги учат децата за важноста на одржливото производство на храна, значењето на храната што ја консумираме и од каде таа доаѓа.
- Пренамена на земјиште што се користи за производство на добиточна храна во земјиште што се користи за производство на храна за луѓе.
- Садење овошни дрвја на јавни површини, достапни за секого.
- Да се залагаат за пристап до јавни градини во урбаните средини, каде жителите ќе можат да изнајмат парцела по прифатлива цена и сами да произведуваат храна.
- Да станат свесни за важноста на еколошки-здравите практики во земјоделството и производството на храна, со цел земјоделството како професија да стане повеќе ценето.

### Што можат да направат луѓето?

- Повеќе да јадат и купуваат вегетаријанска, локална, разновидна и непакувана храна (на пр. од локалните пазари).
- Да јадат помалку, и поквалитетни производи од животинско потекло.
- Да не трошат храна.

# Визии




- Да се информираат за начинот на производство и потекло на храната.
- Да формираат групи и да се едуцираат меѓусебно.
- Да бараат пристап до храна на локално, национално и европско ниво.
- Да учат од домородните заедници и нивните древни знаења (на пр. традиционалните начини на производство на храна, управување со земјиште и истовремено одржување на здрави екосистеми и биодиверзитет).
- Поддршка на одржливи земјоделски практики кои го зачувуваат биодиверзитетот и природните циклуси на животот.
- Да формираат комунални градини и групи за солидарна размена.

# Визии

## 5. Природен капитал: заштита и обновување на екосистемите

Природниот капитал се однесува на природните и културните ресурси, користени од сите, на пр. вода, шуми и ресурси на подземни води. Оваа тема се фокусира главно на предлози и визии кои препознаваат дека нашата планета, природата и сите други живи суштества имаат основни права, кои треба да се почитуваат. Многу визии се фокусирани на поттикнување и развивање на врската помеѓу луѓето и екосистемите и развој на општество во кое луѓето живеат во хармонија со природата и работат колективно за зачувување, обнова и заштита на екосистемите. Наместо да се даде приоритет на бескрајната потрага на Глобалниот Север за пристап и користење на природни ресурси, треба да се даде приоритет на Глобалниот Југ, и неговото право на пристап и зачувување на сопствените екосистеми.

### Што можат да направат локалните, националните и европските влади?

- Да фасилитираат и да се приклучат во дијалози кои ги истакнуваат интерсекционалните перспективи за биодиверзитетот и да ги вклучат домородни гласови во дискусиите, како првобитни чувари на земјата.
- Приоритет на заштитата на природата и екосистемите на сите институционални нивоа (на пр. со спроведување на совет што се состои од претставници од секоја институција и кој развива насоки и прописи поткрепени со правата на природата).
- Ограничување на урбаниот развој и окупација на земјиште (урбаните простори им припаѓаат на луѓето, а не на автомобилите или корпорациите) и зголемување на природните и заштитените подрачја. Дополнително, гаранција дека сите видови инфраструктура не и штетат на животната средина и се достапни за употреба од страна на сите, вклучително и оние со посебни потреби.
- Шумите да се сметаат за национални богатства и да се заштитат по секоја цена.
- Да ангажираат постојани шумски чувари за заштита на биодиверзитетот.
- Да развијат национален план за биосигурност, против болести што доаѓаат преку увезени дрвја, бидејќи тие можат да ги искоренат автохтоните дрвја и шуми.
- Да спроведат ефективни и ефикасни планови за намалување на ризикот од катастрофи и формирање работна група за спречување и зголемување на капацитетот за справување со природните опасности и други кризи поврзани со климата (на пр. поплави, пожари, урагани).
- Финансирање и поддршка на локалните и регионалните власти за развој на акциони планови за заштита и обновување на ендемични и загрозени животни, растенија и габи.
- Подигнување на јавната свест за важноста на древните шуми, шумските остатоци, автохтоните дрвја и разновидните живеалишта.
- Да го криминализираат грабежот на земјиште во Глобалниот Југ, иницирано од Европската Унија.




### Што можат да направат заедниците?

- Да бараат правична и рамномерна распределба на ресурсите во рамките на Европа, како и помеѓу Глобалниот Север и Глобалниот Југ.
- Да се вклучат во јавни консултации и општествени дискусии.
- Да создадат комунални иницијативи со цел запознавање со различни екосистемски услуги, и начини како може да се вклучат во процесите на обновување на земјиштата и заштита на животната средина.
- Преку воспоставување пријатна заедница, каде што секој се чувствува добредојден и која придонесува за интеграцијата на градскиот живот и природата.

### Што можат да направат бизнисите?

- Да ги променат состојките во нивните производи за да ја минимизираат загубата на биодиверзитет (на пр. храна без палмино масло).
- Да престанат со продавање производи во непотребно пластично пакување, со цел заштита на благосостојбата на животните и океаните.
- Да придонесат кон воспоставување повеќе зелени површини, правејќи повеќе простор за зеленило на нивните имоти.




### Што можат да направат луѓето?

- Да се едуцираат за важноста на зачувување на природниот баланс и состојба на животната средина и за взаемната поврзаност помеѓу луѓето, природата и сите нејзини живи суштества.
- Преку бојкот на компании кои ја уништуваат природата.
- Да преминат од антропоцентричен (човекот во центар) кон екоцентричен (природата во центар) светоглед.
- Да учат од домородните луѓе, кои се заштитници и чувари на некои од најразновидните региони на светот.
- Да придонесат кон подигање на свеста за прашањата поврзани со животната средина и да се залагаат за поголем ангажман на граѓаните во заштитата на животната средина.



# Визии

## 6. Уметност, култура, образовани и градење на вештини и знаења

Визиите за оваа тема помагаат да замислиме подобро општество, каде слободното време го поминуваме опкружени со нашите сакани, и каде нашата заедница, пријатели и фамилија се основа за сè што создаваме. Индивидуалното и колективното знаење и практични вештини се составен дел од сечии живот. Образованието треба да биде бесплатно за сите, објективно и достапно во различни форми. Особено е важно да се учи за нашата околина и клима, како и да се интегрираат знаењата и перспективите на домородните народи. Училиштата треба да бидат отворени и безбедни места, каде нема толеранција за расна, хомофобична или сексистичка дискриминација и каде се почитуваат различните културни идентитети. Училиштата треба да имаат градина каде учениците ќе можат да учат за биодиверзитет и производство на храна. Дополнително, треба да вклучат и алтернативни начини на учење, надвор од училиштата, како на пр. прошетки во природа.

## Што можат да направат локалните, националните и европските влади?

- Промени во образованието, при што ќе се зголеми времето поминато надвор и во природа.
- Да спроведат програми против насилство и програми за родители во училиштата.
- Бесплатни сесии за терапија за учениците (и индивидуално и колективно).
- Да финансираат пилот-проекти за одржливост во училиштата.
- Придонес кон рушење на родовите стереотипи во образовниот систем, во училиштата и преку обука на наставниците.

Следниве теми треба да бидат вклучени во наставните програми на училиштата: климатска и социјална правда, расизам, колонијализам, неоколонијализам, домородните луѓе како заштитници на животот и биодиверзитетот, граѓанско образование, интерсекционалност, сексуално образование, алтернативни социјални и економски системи, емоционална интелигенција, критичко размислување и читање, комуникација, соработка, креативност, градинарство, практични технички вештини, прилагодување на промени, како успешно да учиме, како да останеме смирени во нови ситуации, како да се запознаеме и разбереме себеси.

## Што можат да направат заедниците?

- Да придонесат кон создавање општество изградено врз грижа и солидарност.
- Да ја подигнат свеста и да обезбедат образование на младите за климата и животната средина.
- Да го поддржат сексуалното образование и да обезбедат безбеден простор за разговор.

## Што можат да направат луѓето?

- Да го поддржат сексуалното образование и да обезбедат безбеден простор за разговор.

# Визии




### 7. Управување и носење одлуки

Оваа тема се фокусира на предлози и визии за општество во кое носењето одлуки е транспарентно, им припаѓа на луѓето и ги вклучува гласовите на најмаргинализираните поединци и заедници во Европа и пошироко. Визиите подолу ја нагласуваат потребата за транспарентен и праведен систем, каде (1) владите преземаат одговорност за справување со прашањата поврзани за животната средина и се поставуваат како пример за останатите, (2) одлуките се носат на колективен и партиципативен начин и (3) се оспорува капиталистичкиот систем и глобалната динамика на моќта.




### Што можат да направат владите?




- Да развијат соодветни и сеопфатни закони, регулативи и политики со вистинска намера за справување со прашањата за животната средина, што е многу повеќе од само поставување цели кои треба да се постигнат.
- Да дадат поголема моќ и влијание на Глобалниот Југ во глобалната климатска политика.
- Да осигураат дека климатската политика се гледа како место за содржински разговор, а не бојно поле.
- Да ја вклучат заштита на животната средина како составен дел од уставот.
- Преку формирање совет за клима(тски промени).
- Да осигураат дека родовите прашања се земаат предвид во активностите за борба против климатската криза.
- Зголемување на родовата еднаквост во владите.
- Да се залагаат за задолжително учество на женски учесници во сите политички организации и простори за дебата.
- Заштита на правата на домородното население и зголемување на неговата моќ при носење одлуки.
- Усвојување и спроведување на Декларацијата на ОН за правата на домородните народи.
- Усвојување универзален основен приход, кој поттикнува подобар баланс помеѓу работата и животот и дава простор за други активности како што е волонтирањето.
- Да се фокусираат на политички решенија, а не на мислења и индивидуални решенија.
- Да го променат Законот за набавки, така што давателот на услугата со најодржливи решенија и највисок квалитет ќе победи.
- Да воведат финансиски мерки, како данок на богатство и CO2.
- Да спроведат обемни програми за финансирање, со цел да се постигнат потребните промени.
- Оданочување на емитувачите на CO2 и богатите луѓе и реинвестирање на парите во одржливи проекти за трансформативни промени.



- Да развијат долгорочни стратегии вклучувајќи ја и јавноста.
- Да обезбедат транспарентност на сите процеси на носење одлуки.
- Намалување на бирократијата.
- Да водат од пример.

### Што можат да направат заедниците?

- Да развијат иницијативи со цел поттикнување промени на локално ниво, на пр. да формираат граѓански собранија и локални совети каде што луѓето ќе можат да се вклучат, и да развијат и достават барања до локалната власт.
- Да ги поддржат и да се солидаризираат со домородните народи во нивната глобална кампања и лобирање за политички, културни и човекови права.
- Да водат од пример(на пр. со претставување успешни модели, веќе испробани во заедницата).
- Заедниците негуваат разновидност, отвореност и вклученост; сексизмот и расизмот се неприфатливи. Луѓето во заедниците се поврзани, дејствуваат солидарно, се штитат меѓусебно и ја штитат околината, создаваат креативни проекти и го подобруваат квалитетот на животот. Менталното здравје е важна тема и не е стигматизирано.

### Што можат да направат бизнисите?

- Да преземат активности и да ја препознаат својата одговорност како влијателни играчи во општеството.
- Намалување на реклами кои промовираат производи или услуги кои се неодржливи или нездрави и правилно ракување со чувствителни податоци.
- Да спроведат флексибилни работни политики и помалку работни денови за своите вработени, овозможувајќи слобода и независност на работното место.

### Што можат да направат луѓето?




- Да се организираат и да земат активно учество во иницијативите за носење одлуки.
- Да бараат поправеден и потранспарентен систем на владеење, користејќи го својот глас и моќ.
- Да ги знаат своите права како граѓани, и да вршат притисок врз владата за вклучување на луѓето во процесот на креирање политики.

# Визии

## 8. Финансирање на системската транзиција

За да започне радикалната системска промена, финансиите мора да се пренасочат кон благосостојбата на луѓето и социјалната правда, и да се прераспределат од Глобалниот Север кон Глобалниот Југ и поранешните колонии. Младите бараат владите да преземат финансиска одговорност за нивните сегашни и поранешни активности кои имаат штетни последици и да престанат да финансираат активности што се штетни за животната средина. Компаниите исто така треба да преземат одговорност, бидејќи моделот на „вообичаено работење“ (business as usual) не поминува веќе!




### Што можат да направат владите?

- Пренамена на финансиски средства за заштита на живиот свет и социјалната правда и воспоставување на меѓугенерациски монетарен фонд за да се обезбеди подеднакво искористување на природните ресурси меѓу генерациите.
- Државите на Глобалниот Север треба да придонесат со репарации и друга поддршка за колонизираните земји на Глобалниот Југ (на пр. финансиски надомест за реставрација од одредени земји, регулиран преку законите на ЕУ).
- Развивање нови начини за мерење на додадена вредност и благосостојба (наместо БДП).
- Транспарентност за сите одлуки поврзани со трошење на јавните финансии.
- Прекин на финансирање производство на јаглен и гас, и отворање нови зелени работни места (со ниски емисии на јаглерод диоксид).
- Прекин на инвестиции во корпорации и финансиска помош за банки, авиокомпании и други компании што се штетни за животната средина.
- Спроведување на даночна реформа за животната средина, вклучувајќи и даноци за богатство и CO2. Реинвестирање на парите во одржливи проекти за трансформативни промени.
- Гаранција дека богатите ќе придонесат со најмалку 1% од финансиите за справување со природни катастрофи, со цел да се помогне со долговите на неразвиените земји.
- Ревидирање на политиките за увоз и извоз на електрична енергија.
- • Воведување минимални и максимални плати со цел намалување на финансискиот диспаритет и прекумерната потрошувачка.
- Распределување на финансиите и на државно и на локално ниво, со цел вклучување на локалните граѓански организации и приватниот сектор.
- Да обезбедат бесплатно или субвенционирано домување.
- Развој на насоки за комуникација, информирање и вклучување на јавноста при носењето одлуки во однос на јавните трошоци.

### Што можат да направат бизнисите?

- Да инвестираат во развој и просперитет, а не за профит.
- Да го заменат „вообичаеното работење“ (business as usual) со визии кои се општествено и еколошки одговорни и придонесуваат за финансирање на системската трансформација.
- Да престанат да финансираат производство на јаглен и гас.
- Да отворат нови зелени работни места (со ниски емисии на јаглерод диоксид).



- Да се служат со веќе постоечкото знаење, особено она од домородните народи, како економичен патоказ кон трансформација.

### Што можат да направат заедниците?

- Да се потпираат на науките, вклучувајќи ги и општествените науки и да ги слушаат домородните народи и заедници. Тие заслужуваат време, простор, платформи и водечка позиција за запирање на климатските и биодиверзитетските кризи.
- Да го избегнуваат наративот за климатска неутралност, бидејќи не е добро дефиниран.
- Да започнат кампања против користењето на БДП како мерка.
- Да воспостават алтернативен економски систем за заедницата.

# Визии

## 9. Здравствена заштита и социјална правда

Младите луѓе ширум светот се сериозно погодени од климатската криза и COVID-19 пандемијата, покрај сите други политички, економски и социјални неправди што ги доживуваат. Европскиот Зелен Договор и начинот на кој што се справуваме со климатската криза треба да ги земат предвид сите овие меѓусебно поврзани неправди. Дополнително, ние мора да ги препознаеме и вклучиме младите од недоволно застапените заедници, кои се угнетувани од сегашниот систем, немаат пристап до, и се исклучени од учеството во институционалните рамки. Влијанијата на климатските промени се преклопуваат со другите идентитети што луѓето ги имаат, како: расата, полот и родот, па затоа, општествениот аспект мора да се препознае и да биде дел од политиките на Европската Унија, доколку сакаме да дојдеме до праведен европски Зелен Договор, кој не остава никого зад себе. Климатска правда значи и социјална правда, а интерсекционалниот пристап има клучна улога во постигнувањето на таа цел.




### Што можат да направат владите?

- Да обезбедат пристап до основните животни потреби (на пр. храна, чист воздух, вода) и до образование за сите.
- Луѓето треба да имаат приоритет пред профитот и маргинализираните заедници треба да бидат во центарот на дискусијата.
- Да вклучат граѓански собранија и други локални групи во процесот на носење одлуки.
- Да гарантираат пристојна работа и плата за сите.
- Да се борат против засрамување одредени групи во општеството.
- Да обезбедат достапна и прифатлива здравствена заштита за сите (загарантирано со закон).
- Фер надоместок за нега (и во домот и во општеството).
- Подобри работни услови (т.е. работни денови, часови, формат).
- Зголемување на минималната плата и намалување на стапката на невработеност.
- Да осигураат дека нема дискриминација на малцинствата во процесот на вработување. Секој јавен сектор треба да има разновидна застапеност на вработени.
- Да имплементираат закони со кои им се забранува на работодавачите да спроведуваат неплатена пракса, договори без минимално работно време, како и краткорочни договори на неопределено време.
- Поддршка и охрабрување на компаниите да интегрираат мерки за родова еднаквост.

### Што можат да направат бизнисите?

- Да дадат приоритет на луѓето пред профитот.
- Да обезбедат пристојна работа и плата за сите.
- Да го намалат бројот на работни часови и да обезбедат флексибилни и одржливи работни услови (на пр. работа на далечина достапна за сите, онаму каде е возможно).
- Да се обидат да разберат зошто на луѓето им треба солидарност и поддршка, наместо социјалните неправди да ги користат како маркетинг-можности.
- Да обезбедат разновидна, транспарентна и позитивна работна средина, каде никој не е дискриминиран и отворено може да се дискутира за менталното здравје.
- Да финансираат спортски активности за сите млади, а не само за оние кои се талентирани.
- Да обезбедат дневен престој и нега за децата на вработените.
- Да произведуваат унисекс облека.
- Да помогнат во битката против родовите стереотипи при сите нивоа на обука.

### Што можат да направат заедниците?

- Да ги охрабрат луѓето да зборуваат и да им пружат помош на ранливите групи и поединци во заедницата.
- Да бидат поотворени и да создадат структури на солидарност и грижа, со цел зголемување на отпорноста и издржливоста во заедницата и да ги споделат ресурсите со помалку привилегираните заедници.
- Да помогнат сите занимања да се третираат со почит и достоинство.
- Да формираат силни и доверливи синдикати кои ќе ги штитат работничките права, достоинството на луѓето и ќе ги решаваат сите нерамнотежи на моќ на работното место.
- Да обезбедат секој да има улога во заедницата.
- Да организираат мултикултурни настани без дискриминација.
- Да ја подигнат свеста за климатската правда.
- Да ги препознаат и поддржат луѓето со попреченост без стигма и осудување.

### Што можат да направат луѓето?

- Да се едуцираат и да бидат свесни за сопствената привилегија и привилегијата на другите.
- Да вршат притисок врз владите за да преземат активности и да спроведат законски решенија.
- Да бидат пример и да ги инспирираат другите.
- Да бидат отворени и праведни, да имаат разбирање за другите луѓе и да создадат забавна, дружељубива и опуштена средина каде секој ќе се чувствува удобно и добредојдено.

# Заклучок

Овој Младински Предлог ги прикажува вредностите и визиите на европската младина за иднината во која сакаме да живееме. Младите, особено маргинализираните млади луѓе го идентификуваа патот кон праведен и инклузивен европски Зелен Договор, преку илјадници замолчени гласови на засегнатите страни. Младите повикуваат на климатска и социјална правда! Нужно е нивните гласови да се земат предвид при процесите на носење одлуки од страна на институциите. Овој Предлог покажува дека европската младина е проактивна, полна со идеи и подготвена за промени. По месеци на размислувања и дискусии, во Предлогот се претставени визии и решенија за девет различни сектори - сега, она што останува е нивна имплементација!

Климатската криза значително влијае врз луѓето ширум светот и оние кои најмногу страдаат се луѓето кои веќе се во ранлива категорија. Затоа, младите од недоволно застапените заедници треба да бидат вклучени во процесите на носење одлуки и треба да бидат присутни кога одлуките кои влијаат на нив се носат од страна на други. Сегашниот систем им овозможува на овие нееднаквости да продолжат, а со тоа, овозможува и статус кво на политиките кои најчесто ги загрозуваат маргинализираните луѓе.

Се наоѓаме во пресвртница, и одлуките донесени денес не влијаат само на сегашноста, тие имаат големи импликации и за иднината. Земајќи ја предвид оваа реалност и повеќестепените кризи што најмногу влијаат на младите, бараме да бидеме вклучени во процесите на носење одлуки. Учеството на младите во овие процеси ќе донесе еден холистички пристап кон предизвиците со кои се соочуваме и ќе доведе до интерсекционална трансформација преку усвојување и имплементација на политики за планетата и за луѓето.

**REFERENCES:**


https://www.eurovia.org/publication-of-the-youth-articulations-position-document-on-the-reform-of-the-common-agricultural-policy/
https://www.equinox-eu.com/wp-content/uploads/2021/06/Towards-Climate-Justice-Equinox.pdf
https://www.equinox-eu.com/wp-content/uploads/2021/03/WEB-EQUINOX-Towards-racial-justice-EU-institutions.pdf
https://friendsoftheearth.eu/publication/driving-destructive-mining/
https://youngfoee.eu/wp-content/uploads/2020/12/englishweb.pdf
https://youngfoee.eu/wp-content/uploads/2020/12/toolkit_for_intersectional_movement_building.pdf
https://youngfoee.eu/wp-content/uploads/2020/12/yfoee_manifesto_final.pdf

# Disclaimer

Young Friends of the Earth Europe gratefully acknowledges financial assistance from the European Youth Foundation, Council of Europe and the European Union. The sole responsibility for the content of this publication lies with Young Friends of the Earth Europe. It does not necessarily reflect the opinion of the funder(s) mentioned above. The funder(s) cannot be held responsible for any use that may be made of the information contained there in.

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# Co-signatures

This Youth Proposal for a Green Deal for Europe is supported by the following organizations and initiatives:

system:
reset